**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1003 – 729/9**
**Скопје, 20.11. 2007 година**

**ДО**
**ДРЖАВНОТО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Државното правобранителство на Република Македонија[1] за 2006 година, за сметката на приходи наплатени од органи, кои се прикажани на страница 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Државниот завод за ревизија нема извршено ревизија на финансиските извештаи на Државното правобранителство на Република Македонија за 2005 година како година која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- ✓ Зоја Лега Станојевска – Државен правобранител на Република Македонија до 17 септември 2006 година,
- ✓ Оливера Китанова - Државен правобранител на Република Македонија од 18 октомври 2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 24.09. до 04.10. година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

[1]) Законот за Државното правобранителство е донесен во јули 2007 година. До тој период правната заштита на имотните права и интереси на Република Македонија се регулираше со Законот за Јавното правобранителство (Сл.весник на РМ 47/97).

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Примена на акти**

10.1.1. Вршени се плаќања за набавка на гориво за возила во приватна сопственост на вработените во Државното правобранителство за службени цели, што не е предвидено како основ за надомест во Законот за извршување на Буџетот за 2006 година. Кон патните сметки нема прилог на пресметка за висината на платениот надомест според утврдени критериуми (километража), така што се случува за иста релација да се плати различен надомест, а сметките се значително повисоки од билет во јавниот превоз.
Во една подружница и покрај фактот што има службено возило се врши плаќање за набавка на гориво за возило во приватна сопственост користено за службени цели.
Наведеното доведува до ненаменско користење на буџетските средства.

**Препорака**

Плаќањето на реалните трошоци за присуство на државните правобранители на подрачјето на други општини на судски рочишта да се регулира со акт во согласност со Законот за извршување на Буџетот за соодветната година.

**10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.2.1. Ревизијата утврди дека документацијата врз основ на која што се вршат плаќањата за патни трошоци на државните правобранители во подрачните единици за присуство на судски процеси во други општини во поголем број случаи се нецелосни, неуредни, нема потпис на овластено лице, дел од вработените користат јавен превоз, дел сопствени возила за кои што се надоместуваат трошоци за гориво без утврдени критериуми и без податоци за должината на релацијата, при што за иста релација се плаќаат различни износи, без прилог на сметки за платениот превоз, а налозите се изготвуваат по завршеното патување.

Наведеното е спротивно на одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и истото доведува сметководствената евиденција да се заснива на нецелосни и неверодостојни документи.

**Препорака**

Да се изготват пишани процедури со кои ќе се дефинира постапката за плаќање на патни трошоци, особено дали и во кои случаи се одобрува и признава надомест за трошоци при користење на сопствено возило во службени цели или на такси превоз и колкав износ на трошоци се признава, пополнувањето на патниот налог, како и одобрувањето на патниот налог.

### 10.3. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на приходи и расходи

10.3.1. Во Билансот на приходи и расходи, на позицијата **Неданочни приходи** искажани се помалку приходи во износ од 2,685 илјади денари, поради тоа што во текот на целата година се евидентирани приходи наплатени преку сметката во вкупен износ од 3,566 илјади денари, додека во Билансот на приходи и расходи искажани се приходи во износ од 881 илјади денари. Приходите во финансискиот извештај се сведени на висината на направените расходи, што резултира со помалку искажан вишок на приходи за 2006 година (2,685 илјади денари).
Наведеното е спротивно на одредбите од Законот и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и истото доведува до нереални и необјективно искажување на приходите во финансискиот извештај.

### 10.4. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба

10.4.1. Во активата на Билансот на состојбата не се евидентирани паричните средства на сметката на 31 декември 2006 година во износ од 2,685 илјади денари и за истиот износ во пасивата не е прикажан вишокот на приходите (добивката) за пренос во наредната година. Во изготвениот Биланс на состојбата за 2006 година нема пополнето ниту една позиција, односно субјектот нема искажано тековни средства со кои што располага на сметката, ниту има искажано тековни обврски за остварениот вишок на приходи што се пренесува во наредната година.
Неточното прикажување на податоците во Билансот на состојбата е последица на погрешно утврдениот финансиски резултат во Билансот на приходи и расходи.

Неточното изготвување на финансиските извештаи во делот на утврдувањето на приходите и вишокот на приходите (точка 10.3.1), како и на состојбата на средствата и изворите на средства (точка 10.4.1) за сметката Приходи наплатени од органи е утврдено и во претходните ревизии и произлегува од недоволна стручност на одговорното лице во сметководството што ја изготвува годишната сметка и непознавањето на начелата на буџетското сметководство.

**Препорака**:

Финансиските извештаи на сметката Приходи наплатени од органи да се изготвуваат во согласност со начелата на буџетското сметководство за што е потребно дополнителна

обука на постојниот сметководствен кадар. Препораката се однесува на точките 10.3.1 и 10.4.1.

11. Според наше мислење поради изнесеното во точките 10.1 до 10.4, финансискиот извештај не ја прикажува вистинито и објективно финансиската состојба на Државното правобранителство на Република Македонија на ден 31 Декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење освен за изнесеното во точката 10.1. и 10.2. кај Државното правобранителство на Република Македонија е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

**Обелоденување**

13. Тргнувајќи од одредбите на Законот за државното правобранителство, дека средствата наплатени на име на трошоци за застапување се приход на Република Македонија, при што остварениот вишок на приходи треба да се пренесе во Буџетот на Република Македонија. Ова особено ако се има предвид дека дел од уплатите во текот на годината, не се трошоци за застапување, туку се уплати кои по својот основ се приход на Буџетот на Република Македонија, а по грешка се уплатени на сметката на Државното правобранителство. Меѓутоа, според објаснувањата Министерството за финансии не дозволува враќање на овие средства во Буџетот на Република Македонија.

14. Во однос на препораките на овластениот државен ревизор дадени во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Државното правобранителство на Република Македонија за 2004 година е утврдено дека не се спроведени дадените препораки.

**Скопје, 06/11/2007 година** **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1. | 881 | 922 |
| **Вкупно приходи** | | **881** | **922** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1.1 | 881 | 922 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **881** | **922** |
| **Вкупно расходи** | | **881** | **922** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **0** | **0** |